06.05.2014, 17:30

ВИТРАЖ

# УМЕШНО ПОИГРУВАЊЕ СО МЕМОРИЈАТА



**Катерина Богоева**

Кон изложбата „ Олвејс реди“ („Always ready“) на Неда Фирфова во галеријата на МКЦ

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- IN MEMORIAM: ПОЧИНА Д-Р ЃОРЃИ СТАВРИЌ, ОСНОВАЧ НА ДИЈАГНОСТИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА МАЛИГНИ БОЛЕСТИ
- СДСМ: СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА СПЕЦИФИЧНИТЕ ПОТРЕБИ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
- СЗО ТРОШИ ПОВЕЌЕ НА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА, ОТКОЛКУ НА БОРБА ПРОТИВ БОЛЕСТИТЕ
- КОИ КЕ ГО НАСЛЕДИ БОГАТСТВОТО НА ПРИНС
- НЕЗАВИСНИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ БАРА С

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов




Уметницата, дизајнер и истражувач, Неда Фирфова, која години наназад живее и работи на релација Скопје - Берлин - Токио, при презентирањето на дела во изложбени простори го внесува и својот неисцрпен и силен авторски печат, препознатлив по едноставноста во визуелното доловување на откритијата до кои доаѓа и по отворањето на секогаш нови теми за размислување.

И со последната самостојна изложба во Скопје, чиј куратор е Ивана Васева, отворена во галеријата на Младинскиот културен центар, со наслов само на англиски јазик „Олвејс реди“, („Always ready )“, со идеја тој да обедини различни елементи на еден долгорочен истражувачки проект што се одвива на повеќе географски подрачја, Фирфова открива интересен фрагмент од минатото, користењето на веќе исчезнатите картонски книги во големи формати при одржување на масовните игри - слетови во Тирана. Изложбата се состои од две големи книги –објекти, кои се дело на авторката и пленат со својот формат, со боите и поставеноста во просторот, и од две, новопродуцирани дела: од проектите „Always ready “( 2012-) и „Paper Jam “(2011).

Она што е реткост за македонски прилики е отпечатената мала книга достапна за публиката со ист наслов како и изложбата, развивана и издадена во нејзини рамки, каде што има разговор меѓу Фирфова и Васева, како и експериментален текст на поетот Кристијан Хоки, посвета на оние кои во минатото ги држеле книгите над своите глави за време на слетовите и интерпретација на улогата на дизајнерот во слетовите и дизајнерска интерпретација на знаењето. Нетекстуалниот дел од книгата содржи 10 обоени листови кои, вели Фирфова, можат да послужат како тефтер, сеќавање на книгите од масовните игри во мал формат. Сувенир. А ние би рекле, сеќавање на творечката инвентивност која во овој проект ги поместува границите на меморијата за една поранешна комунистичка земја. Фасцинираноста од масовните игри за Неда Фирфова е, во некоја мера, продолжение на нејзиниот интерес за мрежите и типографските матрици, а

Deutsche Welle
Јанева очекува СЈО да продолжи со работа
Прославени титулите во Минхен и Мадрид
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?

возбудлив момент и претставува откривањето на она што таа го нарекува „Источен блок/Неврзан модернизам“ во заднината на игрите. Го нарекува подеднакво утописки и опсесивен, како и доцниот поствоен модернизам каде било, но сепак автентичен, екстремен и поблизок до средината на нејзиното лично искуство.

Исчезнувањето на книгите кои биле користени за масовните игри, одржувани на 1 Мај во Албанија и за спортските настани наречени „Спартакијада“, што се одржувале за време на режимот на Енвер Хоџа, Фирфова го истражувала во 2012 година со грант од „Институтот за современа уметност“ во Тирана. Дошла до сознание дека огромни собири на ученици, наредени во шаблон ги држеле големите книги увезени од Кина над главите, притоа формирајќи извонредна пропагандна слика. По смртта на Хоџа книгите ги снемало, без копии од оригиналите, а Фирфова изработила примероци на такви книги врз основа на информациите на некогашните учесници, внесувајќи и свои идеи. И со една од нив, во еднодневен перформанс го реизвела начинот на кој била користена на стадионот „Ќемал Стафа“, седната на празните трибини, на другата страна од каде што ја фотографирал фотографот Шого Мацуширо. На изложбата се презентирани и тие фотографии како дел од документацијата од нејзината работа во Тирана, но и дел од личната архива во врска со проектот. Привлекува и внимание систематичноста на Фирфова во склопувањето на мозаикот за патот на книгите, за улогата и моќта на дизајнот, на пренесувањето на пораките преку печатениот материјал. Таа на оваа, трета по ред изложба од истоимениот проект по одржаните изложби во Тирана и Холандија, презентира и материјали за документарци за други масовни игри, но и за некои настани кои на нив наликуваат, на пример, безбол натпревар во Јапонија. Изложени се и фотографии од севернокорејски слетови, на кои Фирфова интервенирала во фотокопирањето, поврзувајќи ги со свое постаро дело работено на фотокопир. Оправданата нејзина фасцинираност од масовните игри се темели и на фактот дека тие се' уште постојат во Северна Кореја каде, како што вели таа, се доведени до совршенство.

Статијата е прочитана 1451 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Првата светска војна во фотографиите на браќата Манаки**
**Филмовите на Бранко Ставрев пред струмичани**
**„Важно е да се викаш Ернест“ на Вајлд премиерно во Театар Комедија**
**Почина писателот Науме Радически**
**„Важно е да се викаш Ернест“ на Вајлд премиерно во Театар Комедија**
**Изложба „Допирот на Африка“ на фотографот Марин Димески во Њујорк**
**Изложба на графики и скулптури од Дали во галеријата Остен**

## КОМЕНТАРИ

**Siljan**, 07.05.2014 06:36:47
??? Poenta?

Кликнете за оценка: 22 | 28